РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци
Република Македонија

Факс : +389-43-410-910
Телефон : +389-71-250-303, 70-394-384 :
Е-пошта info@resursltdi.mk
Веб адреса : www.resursltdi.mk

ПРЕДМЕТ:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1.18 ОД ДУП ЗА УЕ 6, БЛОК 6.1, „МОНОПОЛ“,
СО КЛАСА НА НАМЕНА А2-ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ЛОКАЦИЈА:

КО КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИНВЕСТИТОРИ:

ДПТУ ИГМ-ТРЕЈД ИЛИЈА И ДР. ДОО КАВАДАРЦИ

ТЕХ. БР:

226/22

УПРАВИТЕЛ:

Даниел Лалков, д.е.и

JORGO SHUNDOVSKI
Digitally signed by JORGO SHUNDOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4002998133162, 2.5.4.97=NTRMK-5226961, o=Dooel Formi Bitola, serialNumber=183693, title=Upravitel, sn=SHUNDOVSKI, givenName=JORGO, cn=JORGO SHUNDOVSKI
Date: 2023.04.05 09:12:46 +02'00'

Април 2023 год.

Daniel Lalkov
C=MK, OU=VAT - 4011014511586, OID.2.5.4.97=NTRMK-6973000, O=Resurs LTDI, SERIALNUMBER=158797, T=Upravitel, SN=Lalkov, G=Daniel, CN=Daniel Lalkov
I am approving this document with my legally binding signature

Dushko Kuzmanov
Digitally signed by Dushko Kuzmanov
Date: 2023.04.05 00:10:36 +02'00'

Содржина:

- Општ дел

1. Регистрација на проектантското претпријатие
2. Лиценци и овластување на носителот на проектна документација
3. Писма и информации од јавни институции

I. ПЛАНСКИ ДЕЛ

Текстуален дел

1. Проектна програма
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии
   - 3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно
   - 3.2 Внатрешни сообраќајници, и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места
   - 3.3 Партерно решение со хортикултура
   - 3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите
4. Детални услови за проектирање и градење
5. Мерки за заштита
   - 5.1 Мерки за заштита на животната средина
   - 5.2 Мерки за заштита и спасување
   - 5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност
   - 5.4 Мерки за заштита на културното наследство

Прилози кон текстуален дел

1. Полномошно од наручателот
2. Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни услуги

Графички дел

1. Извод од план	1:500
2. Ажурирана геодетска подлога	1:500
3. Урбанистичко решение за проектниот опфат	1:500
4. Урбанистичко решение на сообраќај и нивелманско решение	1:500
5. Урбанистичко решение на приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура	1:500
6. Партерно уредување со хортикултура	1:500
7. Синтезна карта	1:500

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

Идејна техничка документација

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица
www.crm.com.mk

Број: 0805-50/155020230000692
Датум и време: 5.1.2023 г. 09:31:48

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 05.01.2023 во 09:31:59
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6973000
Целосен назив:	Друштво за проектирање и одржување на објекти,производство,трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци
Кратко име:	РЕСУРС ЛТДИ извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци
Седиште:	ИЛО КОСТОВ бр.31 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	19.8.2014 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4011014511586
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	5.000,00
Непаричен влог EUR:	0,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.000,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ДАНИЕЛ ЛАЛКОВ
Адреса:	ИЛО КОСТОВ бр.31 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	5.000,00
Непаричен влог EUR:	0,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупен влог EUR:	5.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.10 - Развој на градежни проекти
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	ДАНИЕЛ ЛАЛКОВ
Адреса:	ИЛО КОСТОВ КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Овластувања:	ВСС-Управител Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
Дополнителни информации:	
КОНТАКТ	
E-mail:	resursltdi@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Број: 0805-50/155020230000692

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/155020220018423

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД
ПРВА КАТЕГОРИЈА
на
Друштво за проектирање и одржување на објекти, производтсво,трговија и услуги
РЕСУРС ЛТДИ извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци
(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ИЛО КОСТОВ бр.31 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
ЕМБС: 6973000

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 25.09.2028 година

Број П.292/А
25.09.2021 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци
Република Македонија

Факс : +389-43-410-910
Телефон : +389- 71-250-303, 70-394-384 :
Е-пошта info@resursltdi.mk
Веб адреса : www.resursltdi.mk

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија со бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија со бр. 225/20, 219/21 и 104/22), а во врска со изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци,** донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР / ПРОЕКТАНТ

За изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** од РЕСУРС ЛТДИ дооел - Кавадарци, со технички број 226/22, како планер/проектант се назначува:

Душко Кузманов м.и.а. овластување бр. 0.0638

Планерите се должни планската документација да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија со бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија со бр. 225/20, 219/21 и 104/22), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Управител:
Даниел Лалков деи

РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци
Република Македонија

Факс : +389-43-410-910
Телефон : +389- 71-250-303, 70-394-384 :
Е-пошта info@resursltdi.mk
Веб адреса : www.resursltdi.mk

Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2
(извод од компјутерски запис)

20.12.2021 - 10:30:57
8a212a2c-b14b-41f4-b511-c7322102f4fe

Назив на обележјето	Шифра
Податоци за обврзникот (работодавачот)	
Назив на работодавачот	Друштво за проектирање и одржување на објекти,производство,трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци
Единствен даночен број на обврзникот	4011014511586
Единствен матичен број на субјектот и реден број на деловната единица	6973000000
Податоци за осигуреникот (работникот)	
Единствен матичен број на граѓанинот	1608991483006
Презиме на осигуреникот	КУЗМАНОВ
Име на осигуреникот	ДУШКО
Вид на завршено образование	Факултети - архитектонски
Степен на завршено образование	VIIA
Степен на стручна подготовка	Високо стручно образование
Профил на завршено образование	Магистер ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ
Припадност на заедница *	Македонец
Податоци за осигурувањето (работниот однос)	
Датум на пријава во задолжително социјално осигурување (засновање на работниот однос)	21.12.2021
Основ на осигурување	Работен однос
Работно време (часови неделно)	40
Вид на работен однос	Неопределено
Број на договор	0402/11
Датум на договор	20.12.2021
Начин на засновање на работен однос	Со огласување во АВРСМ
Занимање	Просторен планер
Број на оглас врз основа кој е заснован работниот однос	1660552
Податоци за престанок на осигурувањето (работниот однос)	
Датум на престанок на осигурувањето (работниот однос)	
Основ на престанок на осигурувањето (работниот однос)	
Број на решение (или одлука за престанок, записник или друг документ)	
Датум на решение (или одлука за престанок, записник или друг документ)	
* Полето 'Припадност на заедница' е посебно означен податок согласно Законот за заштита на личните податоци	

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199 од 30.12.2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

ДУШКО КУЗМАНОВ

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 17.06.2024 год.

Број: 0.0638

Издадено на 18.06.2019 год..

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

I. ПЛАНСКИ ДЕЛ

Текстуален дел

1. Проектна програма

АТТИКА АРХИТЕКТИ ДОО
бр. 0302-05
07.02. 2023 год.
Скопје

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1.18 ОД ДУП ЗА УЕ 6, БЛОК 6.1, „МОНОПОЛ", СО КЛАСА НА НАМЕНА А2-ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Вовед

Проектната програма за **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** се изработува согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.32/20), член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.225/20, 219/21 и 104/22)

Основа за изработка на Проектната програма и Урбанистичкиот проект ќе бидат

- Извод од план за ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол", КО Кавадарци, Општина Кавадарци со тех.бр. 11-6563/2 од 20.10.2022год., усвоен со одлука бр.08-7099/2 од 14.12.2021год
- Податоци од јавните институции и претпријатија засегнати со проектниот опфат
- Дигитализирана ажурирана геодетска подлога
  Потреби на Инвеститорот за спроведување на Деталниот урбанистички план
- Методологијата која произлегува од одредбите на Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22)

Опис на проектниот опфат

Проектниот опфат опфаќа површина од 11584м² и границите на истиот се поклопуваат со границите на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол", КО Кавадарци, Општина Кавадарци усвоен со одлука бр. 08-7099/2 од 14.12.2021год за која е издаден извод од план бр. 11-6563/2 од 20.10.2022 година.

Проектни барања во рамки на проектниот опфат

Целта на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** е уредување на градежната парцела во склад со Деталниот Урбанистички План и потребите на Инвеститорот, врз основа на предходно извршени стручни согладувања и анализи на лице место за погодноста на локацијата.

Оттаму, со проектниот концепт на предметниот урбанистички проект јасно ќе се дефинираат проектираните сегменти на една површина за градба со јасно дефинирани висини кои заради големината на парцелата и падот на теренот а согласно предвидениот пресек даден во Деталниот план на објект.от овозможуваат каскадно планирање на објектите и тоа од ул.Шишка и од ул. 1.



Заради големината на парцелата и падот на теренот во двата правци, како и согласно предвидениот пресек низ парцелата во Деталниот урбанистички план, објектот ќе има разлика во висините од делот кој е ориентиран кон ул.Шишка и делот

кој е ориентиран кон новопланираната Улица 1, за две нивоа. Односно истите се планирани на меѓусебна висинска разлика од 7.50м.

Катностите на градбите да бидат согласно ДУП за ГП 6.1.18 и тоа П+7 со максимална висина до венец од 25,00м.

Основната намена на објектот е А2-Домување во станбени згради и дозволени компатибилни намени согласно ДУП:

- Б1 (до 20%)
- Б2 (до 30%)
- Б4 (до 20%)
- В3 (до 40%)
- В4 (до 10%)
- Д3 (до 40%)
- Со вкупен збир кој не надминува 40% од вкупно изградената површина;

Градежната линија е со дозволени пречекорувања на градежната линија – според одредбите од чл.36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Проектното решение на Урбанистичкиот проект ќе биде основа за изработка на Основен проект.

Сообраќајниот пристап до градежната парцела е прилагоден на планското решение на важечкиот план и постојната состојба на лице место. Потребата за паркирање е во рамки на градежната парцела, а бројот на паркинг места да се дефинира согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во ГП да се обезбеди 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило Сл.Весник на Р.Македонија бр.11/18. Имајќи ја предвид постоечката изграденост на ниво на Блок, отсуството на јавно зеленило и големината на градежната парцела, неопходно е планирање на јавно зеленило од мин 1000м² на предметната ГП согласно Деталниот Урбанистички План.

Со проектното решение е потребно да се задржат сите планирани водови согласно Деталниот план со цел да новопредвидените објекти во понатамошна реализација се приклучат на истите.

Изработил:
Душко Кузманов
дипл. инж.арх.

0 ДУШКО КУЗМАНОВ 0638

Нарачател:
За ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО
Кавадарци
Преку полномошник
Друштво за архитектонски дејности
ДТТИКД ДРХИТГКТИ ДОО Скопје
ул.Рајко Жинзифов бр.38/1-2 –Скопје
Управител: Бојан Тасев

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

Просторот дефиниран за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Кавадарци.

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот по пат на:

- директен увид на теренот, и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, согледано е дека на просторот има изградени објекти, во лоша состојба и друга намена од намената предвидена со ДУП.

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Постоечките градби кои се со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија во парцелата на тутунскиот комбинат веќе не се во функција за првобитната намена и со Измената на ГУП на град Кавадарци (усвоен со Одлука бр.08-2790/1 од 30.05.2019), предметната градежна парцела е планирана со намена А-домување за која е донесен ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци усвоен со одлука бр.08-7099/2 од 14.12.2021год.

Имајќи ја во предвид големината на градежната парцела и со цел да се добие флексибилност на планското решение во рамките на истата, се остава можноста со Урбанистички и идејни проекти за наведените парцели да се дефинираат конечните архитектонско-урбанистички параметри за градење.

Овој Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци а согласно член 97 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.32/20).

Согласно член 103 од истиот Закон, доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Со овој урбанистички проект просторот треба програмски да се дополни за реалните потреби на Инвеститорот.

За парцелата е издаден е извод од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци:

- Извод од план за ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци со тех.бр. 11-1145/2 од 10.03.2023 год., усвоен со одлука бр.08-7099/2 од 14.12.2021год.

Градежната парцела 6.1.18 согласно ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци е составена од следните катастарски парцели:

Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице	Место на живеење/ седиште	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска		
						Основен	Дел	Култура		м2
Д.П.Т.У.ИГМ-ТРЕЈД ИЛИЈА И ДР.ДОО	КАВАДАРЦИ	ИНДУСТРИСКА	2	11047	17474	12073	1	гз	гиз	**11562.39**
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				11047	2	16447	1	гз	гнз	**21.86**
									ВКУПНО	**11584.25**

Согласно 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.32/20) во постапка од е-урбанизам со бр. **47203** се побарани Податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности и евидентирано е следно:

Сообраќај:

- Согласно добиеното писмо од Јавно претпријатие за државни патишта со бр 10-11570/2 од 18.11.2022 година констатирано е дека приложениот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.
- Согласно дописот од АЦВ со бр. 12-8/1263 од 11.11.2022год. градбите во проектниот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања.

Комунална инфраструктура

- Согласно допис со арх.бр. 10-26/3-576 од 22.11.2022 година, од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, покрај предментиот проектен опфат има 10(20)кв подземен вод за кој е предвиден заштитен појас согласно мрежните правила на ЕВН, како и нисконапонска надземна мрежа;
- Согласно допис со арх.бр. 11-6371/1 од 21.11.2022 година, од АД МЕПСО, во и покрај предметниот проектен опфат не располагаат со постоечки, ниту планирани инсталации;

- Согласно допис со арх.бр. 1404-3250/2 од 17.11.2022 година, од Агенција за електронски комуникации, покрај предметниот проектен опфат постојат електронски комуникациски мрежи и истите се вградени во овој УП;
- Согласно допис прибавен на електронскиот систем е-урбанизам, во ПИМ постапка со бр. 47203 од 18.11.2022, од Македонски Телеком, покрај границите на проектниот опфат има инсталации во нивна надлежност;
- Согласно допис со арх.бр. 15-3262/2 од 15.11.2022 година, од Национални Енергетски Ресурси Скопје, покрај предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.
- Согласно допис со арх.бр. 0308-2188/2 од 21.11.2022 година, од АД ГА-МА Скопје, покрај предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.
- Согласно добиено писмо од ЈП Комуналец - Кавадарци со бр.09-2275/2 од 20.12.2022год. добиени се податоци и информации дека располагаат со постоечки инсталации, односно водоводна мрежа и фекална канализација, кои се вградени во графичкиот дел на овој УП.

Останати релевантни институции

- Останати писма и дописи релевантни за проектниот опфат не се добиени.

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Предмет на овој урбанистички проект е разработка на претходно формирана градежна парцела 6.1.18, од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци усвоен со одлука бр.08-7099/2 од 14.12.2021год., со предвидена намена А2-Домување во станбени згради, а истата е усогласена со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија со бр. 225/20, 219/21 и 104/22), односно со намената: А2-Домување во згради.

За парцелата е издаден е извод од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци:

- Извод од план за ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци со тех.бр. 11-1145/2 од 10.03.2023год.,

Вкупната површина на проектниот опфат согласно Изводот од план за ГП 6.1.18 изнесува 11584м^2.

Со овој УП се разработува градежната парцела ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци усвоен со одлука бр. 08-7099/2 од

14.12.2021год, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија со бр.32/20).

Координати на плански опфат се:

N	X	Y	N	X	Y	N	X	Y
1	7585573.598	4588775.878	8	7585485.896	4588811.618	15	7585549.402	4588679.168
2	7585577.515	4588792.644	9	7585479.512	4588807.735	16	7585560.253	4588688.237
3	7585564.087	4588794.341	10	7585485.797	4588806.963	17	7585560.972	4588696.273
4	7585558.129	4588795.094	11	7585485.183	4588801.078	18	7585564.956	4588728.635
5	7585558.288	4588797.026	12	7585478.704	4588801.646	19	7585567.584	4588745.375
6	7585558.458	4588799.084	13	7585467.622	4588692.58			
7	7585557.691	4588802.547	14	7585473.057	4588685.997			

Согласно Изводот од план дадени се општи и посебни услови за градба кои се почитувани при разработката на градежната парцела со овој урбанистички проект.

Локацијата на која се предвидува изградба на станбено деловниот комплекс на ГП 6.1.18 содржински е поделен согласно дадените насоки и пресек за Улица 2 од Деталниот Урбанистички План.

Предвидената површина за градење графички е прикажана со помошна градежна линија од став(1), точка 2, член 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ Бр. 225/20, 219/21 и 104/22) со која се означуваат промените во габаритот на планираната градба во рамки на површината за градење односно денивелации на првостепената пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, терасести намалувања на висината, пасажи, тремови и сл. со која е јасно дефинирана нултата плоча на дел од објектот према улица 1 и према ул.Шишка.



Согласно дадениот пресек приземјето предвидено од ул.Шишка односно нултата кота +-0.00 (261,15) додека приземјето од улица 1 со нулта кота +-0,00 (253.65) објектите во

градежната парцела се организирани во две функционални целини. Сите нивоа на објектот се поврзани со повеќе вертикални комуникации (скалишни јадра и лифтови) и заднички подрумски простории.

Објектот има јасна геометрија која во проектот е третирана како еден од главните фактори на генерирање на формата.

Просторот е обликуван задоволувајќи ги највисоките естетски и архитектонски критериуми преку примена на современ модерен архитектонски израз и современи материјали со посебна претпазливост кон замислата на Инвеститорот да се создаде специфичен објект кој ќе биде симбол на глобалните и современите текови, а воедно ќе се вклопи во непосредната околина и урбана матрица.

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на парцелите се усогласени со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки. Катностите на градбите се преземени како што се утврдени со ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци.

Заради големината на парцелата и падот на теренот во двата правци, како и согласно предвидениот пресек низ парцелата во Деталниот урбанистички план, објектот има разлика во висините од делот кој е ориентиран кон ул.Шишка и делот кој е ориентиран кон новопланираната Улица 1, за две нивоа, односно истите се планирани на меѓусебна висинска разлика од 7.50 м без при тоа да се надмине котата на дозволените максимални параметри за катност и висина на венец.

Од овие причини, објектот има три подземни нивоа од страна на ул.Шишка и само едно подземно ниво од страната на Улица 1.

Котата на нултата плоча е дефинирана согласно Општите услови за изградба дадени со Изводот од план точка 8.5.1 Кота на приземна плоча и тоа

Котата на нулта плоча на приземјето се дефинира на макс.120цм во однос на кота на тротоар на градбите со намена Домување. На деловите од планскиот опфат каде улиците се во пад, максималната кота на нултата плоча се одредува во однос на котата на тротоарот од страна на пристапната улица или котата на средната точка на оската на градежната парцела.

Согласно падот на ул.Шишка согласно ДУП апсолутната средна кота на коловозот изнесува +260,50м, следствено на тоа средна кота на тротоарот изнесува +260.65м, додека нултата кота е поставена на апсолутна кота +261.15м, што е на +50 см од средната кота на тротоарот, додека пак падот на улица 2 согласно ДУП-от каде средната кота на коловозот изнесува +252.30м, а средна кота на тротоарот изнесува +252.45м, нултата кота е поставена на 120цм од средната кота на тротоарот односно на апсолутна кота од +253.65м.

Приземјето по целата обиколка на парцелата е планирано за деловна содржина, освен во делот кај Улица 2 и ул. Наќо Лазовски, каде приземјето е со станбена содржина. Пристапот до деловните единици е обезбеден целосно од надворешната страна на комплексот.

Пристапот до станбените влезови е ориентиран кон внатрешноста на парцелата, до која се доаѓа преку четири пешачки пасажи на бочните страни.

Катовите според програмските барања е предвидено да имаат станбена намена со тоа што објектот од ова ниво добива разбиена структура и се ориентира на девет станбени ламели, при тоа ламелите ориентирани кон ул.Шишка се со висина од П+7/П+1 и Н=25м/Н=10м додека ламелите ориентирани према ул.1 се со висина од П+5/П и Н=20,5м/7м.

Во овие граници во станбениот објект има вкупно 182 станбени единици и 13 деловни единици.

Нумерички показатели за градежната парцела и објектите во проектниот опфат

Градежна парцела 6.1.18

Намена: А2-Домување во згради
Површина на градежна парцела: 11584м²
Површина за градење: 6241м²
Вкупна изградена површина: 32000м²
Процент на изграденост: 54%
Коефициент на искористеност: 2,76
Катност: П/П+1/П+5/П+6/ П+7
Макс. висина на објект: 7,0м'/10,0м'/19,0 м'/22,0 м'/25,00м'
Зеленило во ГП: 3699м²
Паркирање: Паркирањето е обезбедено во граници на градежната парцела.

Во подземните нивоа се предвидени да паркираат 379 возила, што го задоволува потребниот број на паркинг места за целокупната бруто површина предвидена за овој објект според Правилникот за стандарди и нормативи во урбанистичкото планирање согласно соодветните намени.

Од предложеното проектно решение а врз основа на направените анализи произлегуваат следните нумерички показатели, во рамките на предметниот проектен опфат:

Намена:

А-Домување и престој
А2-Домување во згради
Компатибилни класи на намена:
- Б1 мали комерцијални и деловни дејности (6.3%), од дозволени до 20%
- Б2 Големи Трговски Единици (7.2%) од дозволени до 30%
- Б5 Хотелски Комплекси (11.9%) од дозволени до 15%

Максимален процент на учество на збирот на компатибилните класи е 25,4% од максимално дозволените 40%.

Површина на проектен опфат: 11584м²
Вкупна површина на градежни парцели: 11584м²
Вкупна површина под градба: 6241м²
Вкупна бруто површина за градба: 32000м²
Процент на изграденост: 54%
Коефициент на искористеност: 2,76
Катност: П/П+1/П+5/П+6/ П+7
Макс. висина на објект: 7,0м'/10,0м'/19,0 м'/22,0 м'/25,00м'
Зеленило во ГП: 3699м²

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И ОБЈЕКТИТЕ

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци

Површина на проектен опфат по ГП од ДУП	Г.П.	поединечна класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	Површина на градежна парцела	поединечна површина на наменска употреба на земјиштето	поединечна застапеност во однос на вкупната површина на ГП	површина под градба /м2/	вкупно изградена површина /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност
11584 m2	6.1.18	А2-Домување во згради	7.0м/10.0м/ 19.0м/22.0м/ 25.0м	П/П+1/ П+5/ П+6/П+7	11584 m2	6241 m2	53,9%	6241 m2	32000 m2	54%	2,76
		Сообраќајни површини во ГП	-			1364 m2	11,8%	-			
		Зеленило (партер)	-			2153 m2	18,6%	-			
		Атриум	-			1826 m2	15,8%	-			
Вкупно:					**11584 m2**	**11584 m2**	**100,0%**	**6241 m2**	**32000 m2**	**54%**	**2,76**

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ	
Согласно ДУП	
Површина на градежна парцела	11584 m2
Површина за градење	7000 m2
Бруто развиена површина	38000 m2
Процент на изграденост	60,43%
Коефициент на искористеност	3,28

Согласно УП	
Површина на градежна парцела по УП	11584 m2
Површина за градење	6241 m2
Бруто развиена површина	32000 m2
Процент на изграденост	54%
Коефициент на искористеност	2,76

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Со донесениот ДУП, предвидена е сообраќајна мрежа со која е оформена ГП 6.1.18 и тоа со следните профили:

Новопредвидена Улица 1, по категорија е станбена со регулациона ширина од 10,8м, со 6,0м коловоз (2x3,0м коловоз) и 2x2,4м тротоар.

Новопредвидена Улица 2, по категорија е станбена со регулациона ширина од 11.8м, со 7,0м коловоз (2x3,5м коловоз) и 2x2,4м тротоар.

Улиицата Наќо Лазовски , по категорија е станбена со регулациона ширина од 10,8м, со 6,0м коловоз (2x3,0м коловоз) и 2x2.4м тротоар.

Улица Шишка, по категорија е собирна улица предвиден коловоз од 7,0м (2x3,5м коловоз) и тротоари со променлива ширина од 2x 2,0 - 4,5м.

Согласно посебните одредби пристап во 6.1.18 е дозволен од сите станбени улици.

Новопредвидената станбена "улица 2 "е со подолжен и пад од 7,39%, додека подолжниот пад на новопредвидената "улица 1" изнесува 2,46%.

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на парцелите се усогласени со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки.

Колскиот пристап до парцелата е обезбеден преку сите станбени улици опфатени со важечкиот ДУП.

Додека пешачкиот пристап е обезбеден преку три стабени улици и една собирна, или ул.„Наќо Лазовски, ул.„1" и од ул.„2", како станбени и од ул.„Шишка", како собирна улица.

Согласно насоките од Деталниот урбанистички план потребниот број на паркинг места се утврдува според класата на намена и во согласност ос чл.59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба на максималната дозволена висина и површина за градба.

Покрај класата на А2-домување во станбени згради, согласно идејното решение се предвидени и компатибилни класи на намена за кои се дадени следните нормативи за потребни паркинг места и тоа:

А2 - Домување во станбени куќи и згради - вон центаралните градски подрачја на 80м^2 од вкупно изградената станбена површина по 1 паркинг место

Б1 мали комерцијални и деловни дејности- за продавници, дуќани и сл.:

- 1 паркинг место на секои 60 м2 од вкупно изградената површина

Б2 Големи Трговски Единици

- 1 паркинг место на секои 70 м2 од вкупно изградената површина.

Б5 Хотелски Комплекси

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена програмските барања;

Колските пристапи во парцелата се од три страни на парцелата, од ул. Наќо Лазовски, Улица 2 и од Улица 1, и оттаму се влегува во паркингот што е на три подземни нивоа. На Улица 2 се предвидени: еден влез за станбениот дел од паркингот и еден влез-излез за деловниот и јавниот дел од паркингот. На ул. Наќо Лазовски еден излез за деловниот и јавниот дел од паркингот, еден излез за станбениот дел од паркингот и еден влез-излез за станбениот дел.

Колските рампи преку кои се стигнува до подземниот паркинг се директно пристапни од ул. Наќо Лазовски и од Улица 2, пришто е водено сметка за падот на теренот во тој правец.

Во подземните нивоа се предвидени да паркираат 379 возила, што го задоволува потребниот број на паркинг места за целокупната бруто површина предвидена за овој објект според Правилникот за стандарди и нормативи во урбанистичкото планирање согласно соодветните намени.

Пресметка за потребен број на паркинг места:
СТАНБЕНА НАМЕНА
А2 Домување во Станбени 3гради
- на 80м² бруто станбена површина - 1 п.м.
18,891.90 / 80 = 236 п.м.
Б1 Мали Комерцијални и Деловни Дејности
- на 60м² бруто станбена површина - 1 п.м.
1,595.82 / 60 = 27 п.м.
Б2 Големи Трговски Единици
- на 70м² бруто станбена површина - 1 п.м.
1,669.43 / 70 = 24 п.м.
Б5 Хотелски Комплекси
- на 80м² бруто станбена површина - 1 п.м.
2,985.17 / 80 = 37 п.м.
ВКУПНО: 324 п.м.
+10% за посетители +32 п.м.
ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА 356 п.м.
ОБЕЗБЕДЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА 379 п.м.
од кои 12 п.м. (3%) се за лица со инвалидитет

Паркирањето е планирано во рамки на градежната парцела во подземно паркирање, решено на три нивоа.

Согласно насоки од изводот од план во рамки на градежната парцела да се планира простор за јавен паркинг наменет за посетители димензиониран со 10% од пресметаниот потребен број паркинг места за станарите кој е обезбеден на првото подземно ниво во сектор 20, сектор 21 и сектор 22 каде се обезбедени вкупно 42 паркинг места и тоа 32 паркинг места за посетители и 10 од потребните паркинг места за хотелскиот комплекс. Овој паркинг простор е со пристап од станбената улица 2.

3.3 Партерно решение со хортикултура

Партерното решение на ниво на градежна парцела ќе има значајна функција во заштита на животната средина, но ќе има и забележителни пејзажни ефекти.

Имајќи ја во предвид постоечката изграденост на ниво на Блокот, отсуството на јавно зеленило и големината на градежната парцела, при разработката на ГП 6.1.18 на ниво на Урбанистички проект, неопходно е да се планира површина за јавно зеленило од минимум 1000м^2 како и зеленило во границите на градежната парцела од минимум 20% (според Законот за урбано зеленило, Сл.весник бр.11/18).

За таа цел на аголот на Улица 1 и Улица 2, планиран е отворен простор, наменет за сите жители на комплексот. Исто така, внатрешноста на парцелата ќе биде хортикултурно уредена, во вид на урбан двор, кој ќе биде централно и собирно место на станарите, од кој се пристапува до влезовите во станбените блокови.

Согласно прикажаното во графичкиот и нумеричкиот дел, градежната парцела го задоволува бараниот минимум на зеленило од 20% + 1000м^2, согласно изводот од ДУП, површината од градежната парцела која е наменета за хортикултурно уредување е 4007м^2.

Од вкупната површина на градежната парцела треба да се обезбеди минимум 2317м^2 (20%) плус 1000м^2 зелена површина, или вкупно 3317м^2, додека со решението е надминат бараниот минимум и вкупната површина под зеленило изнесува 3699 м^2.

ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРЦЕЛА	
Тип на зеленило	површина
Зеленило (партер)	2153 m2
Зеленило (кота +253.65мнв)	760 m2
Зеленило (кота +261.15мнв)	786 m2
Вкупно:	**3699 m2**
Потребно зеленило по ДУП 20% (2317м2) + 1000м2	3317 m2

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Водовод и канализација

За водоснабдување на објектите во градежната парцела ќе се користи новопланираната водоводна мрежа со големина од Ф110. Приклучокот со примарниот вод да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Исто така на предметната локација испланирани се приклучоци за фекална канализација со големина од Ф200 и Ф250 и приклучок на атмосферска канализација со големина од Ф300.

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

Од страна на Електродистрибуција дооел Скопје, според добиеното писмо во близина на проектниот опфат има постојни инсталации, односно 10(20)кв нисконапонски подземен вод, како и приклучни надземни инсталации од електро мрежата.

Согласно добиеното писмо од МЕПСО, постојни и планирани 110kV и 400kV инсталации не се вкрстуваат со проектиот опфат.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија.

Телефонска мрежа

Согласно добиеното писмо од АЕК и Телеком АД, на посочената предметна локација, има податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, и истите се прикажани во графичките прилози на овој урбанистички проект.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, нивната функција и слични критериуми.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

Гасоводна мрежа

Во границите на опфатот не постои гасоводна мрежа поврзана на дистрибутивен гасоводен систем, но е предвидена новопланирана мрежа, согласно важечкиот ДУП.

4. Детални услови за проектирање и градење

Локацијата на проектниот опфат за **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** опфатена со ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци со тех.бр. 11-1145/2 од 10.03.2022год., усвоен со одлука бр.08-7099/2 од 14.12.2021год.

Постапка за изготвување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци**, е покрената по иницијатива на Инвеститорот.

Согласно Изводот од план се дадени следните општи услови:

8. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
Основните параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 32/20) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).

8.1 Плански опфат
Границата на Планскиот опфат за изработка на Деталениот урбанистички план за УЕ 6, Блок 6.1, "Монопол" КО Кавадарци, општина Кавадарци се води по осовините на следните улици:
Кон север - по улица "Видое Смилески-Бато";
Кон исток - по осовина на улица " Шишка";
Кон југ - по осовина на улица "7-ми Септември"
Кон запад - по осовина на улица "Димката А.-Габерот".
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 145319.85м² односно 14.53ха.Теренот е во пад и се движи од 249 – 262 метри надморска височина.

8.2 Регулациона линија, граница на парцела, градежна парцела и градежна линија
Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии кон улиците, со детално котирање на растојанијата до градежните линии.
Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење.
Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење.

Со градежните линии се дефинира површината за градење во градежната парцела, односно границите во кои може да се движи габаритот на градбата.
Подземна градежна линија е помошна линија со која се дефинира просторот во кој може да се градат подземни нивоа во рамки на градежната парцела.
Во графичките прилози означени се градежните линии со детално котирање на растојанијата помеѓу нив регулационите линии и границите на градежните парцели.
Во ГП 1.17.1. и 1.17.2 со градежни линии е дефинирана површина за градење на повеќе градби. Со планската документација се предвидува понатамошна разработка на наведените парцели со Урбанистички проекти.

8.3 Наменска употреба на земјиште

Планираните градби се дефинирани со следните класи на намени:
А - ДОМУВАЊЕ
А1 - Домување во станбени куќи
А2 - Домување во станбени згради
В- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В1 - Образование и наука
В2 - Здравство и социјална заштита
В3 - Култура
В4 - Државни институции
Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комуналана инфраструктура
Е2 – Комунална супраструктура- Трафостаници

Компитабилните класи на намени и процентот на нивно учество во основната класа на намени се дефинираат според актуелниот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16, 33/17 и 86/18).
Во посебните Услови за градба се дефинирани компатибилните намени за секоја поединечна парцела.

8.4 Површини за градење
Со градежните линии е утврден делот од градежната парцела во која се предвидува градење на планираната градба, додека понатамошната разработката треба да биде со Основен проект на градбата.
Дозволени пречекорувања на градежната линија –според одредбите чл 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).
Дозволени се пречекорувања на градежната линија на издадените елементи на архитектонска пластика на градбите, но само до колку се обезбеди растојание од границата на градежната парцела до најистурената точка на пречекорувањето не помало од 1/3 од височината на градбата до венец. Максималниот процент од вкупната должина на фасада кој може да го зафати архитектонската пластика која отстапува од градежната линија изнесува 70% .

8.5 Височина на градбите
Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.
Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот на улицата и завршниот венец на градбата во должни метри.

Дозволената максимална висина на градбата се дефинира во зависност од намената и истата е дадена детално за секоја парцела во Посебните услови за градба во овој текст.
Катностите на градбите главно се преземени како што се утврдени со претходниот ДУП . Максималната катност на ново предвидените градби во рамките на парцелата на тутунски комбинат е предвидена на П+7, односно максимална висина до венец на кров 25,0м.

8.5.1 Кота на приземна плоча
Котата на нулта плоча на приземјето се дефинира на максимум 120 см во однос на кота на тротоар на градбите со намена Домување и 15 см. за градбите со намена В – Јавни институции.

8.6 Процент на изграденост
Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.
Процентот на изграденост во градежните парцели се движи во средна вредност од 50% .

8.7 Коефициент на искористеност
Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

8.8 Сообраќај
Сообраќајната инфраструктура е делумно изведена и предвидени се две нови сообраќајници. Пристапот до предметните парцели е обезбеден од улиците кои го ограничуваат планскиот опфат и улиците во внатрешноста на Блокот.
Усогласувањето на сите параметри и категоризацијата на улиците е според актуелната законска регулатива и одредбите од ГУП и постоечки ДУП. Сообраќајното решение е детално опишано во точка 6.5 од овој текст.

8.9 Паркирање
Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели.
Потребен број на паркинг места се утврдува според класата на намена и во согласност со чл.59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).

8.10 Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).

8.11 Зеленило

Во секоја градежна парцела треба да се обезбеди најмалку 20% простор за зеленило (согласно Закон за урбано зеленило, Сл.весник бр.11/18) Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува да се затревни и хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило.

Имајќи ја во предвид постоечката изграденост на ниво на Блокот, отсуството на јавно зеленило и големината на градежната парцела, при разработката на ГП 6.1.18 на ниво на Урбанистички проект, неопходно е да се планира површина за јавно зеленило од минимум 1000 м2 како и зеленило во границите на градежната парцела од минимум 20% (според Законот за урбано зеленило, Сл.весник бр.11/18).

8.12 Водовод и канализација

При изработка на Основните проекти за градбите, задолжително да се почитуваат прописите за проектирање и градење, и техничките стандарди за ваков вид инсталации.

Снабдувањето со вода и одведувањето на фекалните и атмосферски отпадни води ќе се врши од изведените и ново планираните инсталациони водови по профилите на улиците.

8.13 Електрична и телекомуникациска мрежа

Приклучоците на електричната и телекомуникациската мрежа на градбите да се изведат во согласност со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, и според техничките прописи за ваков вид на инсталации.

Примарните електрични водови се планираат како кабловски додека дел од секундарната мрежа да се води воздушно на бетонски столбни места.

8.14 Гасоводна мрежа

Гасоводна мрежа на ниво на град нема изведено. Со ГУП на Кавадарци се планира идна изведба на гасоводна мрежа. Во предметниот ДУП планирани се линии за идна изведба на гасоводна мрежа по постоечката и планирана сообраќајна мрежа.

8.15 Елементи за обликување на градбите

Предвидените градби да бидат проектирани со современи градежни материјали, во согласност со функцијата и важечките технички стандарди и нормативи. Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

8.16 Заштита на културно наследство
До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14),односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

8.17 Заштита и спасување
Да се почитуваат мерките за заштита и спасување, дадени во текстот, а при изработката на основниот проект, да се почитува важечката законска регулатива и планско оперативните документи и планот за заштита и спасување на општината.

8.18. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност Неопходно е да се усогласат влезовите во парцелите со нивелетата на тротоарот, како би се избегнало создавање на бариери за пристап на лица со инвалидност. Пред влезовите во градбите со коти на нулта плоча до 120 см. да се постават коси рампи со падови од мин 8,3 % за несметан пристап на лица со инвалидност.

10.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА
Важи за сите градежни парцели:

10.1 Дозволени пречекорувања на градежната линија –според одредбите чл 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).
Дозволени се пречекорувања на градежната линија на издадените елементи на архитектонска пластика на градбите, но само до колку се обезбеди растојание од границата на градежната парцела до најистурената точка на пречекорувањето не помало од 1/3 од височината на градбата до венец. Максималниот процент од вкупната должина на фасада кој може да го зафати архитектонската пластика која отстапува од градежната линија изнесува 70% .

10.2 Подземна градежна линија се дефинира на минимално растојание од 1,0м. од соседна градежна парцела. До колку постои согласност од сосед, подземната градежна линија може да се поклопува и со границата на градежната парцела. За изведба на подземни нивоа во фаза на Основен проект треба да се изработи проект за заштита на градежна јама.

10.3 Пристап до градежни парцели
Пристапот до сите градежни парцели е планиран преку секундарната улична мрежа

Пристап до ГП 6.1.18 - 6.1.20; ГП 6.1.56; ГП 6.1.59 - 6.1.60 е преку станбената ул. "Улица 1";

Пристап до ГП6.1.18 - 6.1.19 е преку станбената ул. "Улица 2";

10.4 За ГП 6.1.18 и ГП 6.1.19 постои обврска за понатамошна изработка на Урбанистички проекти со кои детално ќе се утврдат архитектонско-урбанистичките параметри за градење За наведените градежни парцели посебните Услови за градење ги приложуваме одвоено.

- ГП6.1.18

Класа на намена: А2-Домување во станбени згради
Компатибилни намени: Б1-мали комерцијални и деловни намени -до 20%,Б2- големи трговски единици –до 30% Б5-хотелски комплекси –до 15%, и Б4 –деловни простори до 20% , В 3-култура –до 40%, В4- до државни институции 10% (максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи во однос на основната класа на намена- 40%)
Површина на градежна парцела: 11584,23м²
Површина за градба: 7000 м ²
Вкупна површина по катови: 38 000м²
Коефициент на искористеност (К): 3,28
Процент на изграденост: 60.43 %
Максимална висина до завршен венец: 25,0м.
Максимален број на катови: П+7
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на заштитен тротар изнесува 120 см за станбени простории и 15 см за деловни простории.
Максимална височина на слеме - 4,5 м. над котата на завршен венец на кровот, во рамките на кои може да се уредува потпокривен простор. Од максималната височина на слеме и дозволената силуета на покривот стаклености, покривни бани, оџаци и архитектонско декоративни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор над дозволената силуета на покривот.
Дозволени пречекорувања на градежната линија –според одредбите чл 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 ,134/16 , 33/17 и 86/18).
Потребен број на паркинг места: Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на сопствената градежна парцела со почитување на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15 и 228/15,35/16).
Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде основен услов за изградба на максималната дозволена висина и површина за градба.
Во рамки на градежната парцела да се планира простор за јавен паркинг со капацитет од 10% од пресметаниот број на паркинг места.
Зеленило: При разработка на парцелата на ниво на УП да се планира површина за јавно зеленило од минимум 1000 м2 како и зеленило во границите на градежната парцела од минимум 20% (според Законот за урбано зеленило, Сл.весник бр.11/18).
Влезови во парцела од ул бр.1, ул бр.2 и ул Наќо Лазовски.

Посебни услови за изградба од Урбанистички проект

Градежна парцела 6.1.18

Намена: А2-Домување во згради
Површина на градежна парцела: 11584м²
Површина за градење: 6241м²
Вкупна изградена површина: 32000м²
Процент на изграденост: 54%
Коефициент на искористеност: 2,76
Катност: П/П+1/П+5/П+6/ П+7
Макс. висина на објект: 7,0м'/10,0м'/19,0 м'/22,0 м'/25,00м'
Зеленило во ГП: 3699м²
Паркирање: Паркирањето е обезбедено во граници на градежната парцела.

Во подземните нивоа се предвидени да паркираат 379 возила, што го задоволува потребниот број на паркинг места за целокупната бруто површина предвидена за овој објект според Правилникот за стандарди и нормативи во урбанистичкото планирање согласно соодветните намени.

Од предложеното проектно решение а врз основа на направените анализи произлегуваат следните нумерички показатели, во рамките на предметниот проектен опфат:

Намена:

А-Домување и престој
А2-Домување во згради
Компатибилни класи на намена:
- Б1 мали комерцијални и деловни дејности (6.3%), од дозволени до 20%
- Б2 Големи Трговски Единици (7.2%) од дозволени до 30%
- Б5 Хотелски Комплекси (11.9%) од дозволени до 15%

Максимален процент на учество на збирот на компатибилните класи е 25,4% од максимално дозволените 40%.

Површина на проектен опфат: 11584м²
Вкупна површина на градежни парцели: 11584м²
Вкупна површина под градба: 6241м²
Вкупна бруто површина за градба: 32000м²
Процент на изграденост: 54%
Коефициент на искористеност: 2,76
Катност: П/П+1/П+5/П+6/П+7
Макс. висина на објект: 7,0м'/10,0м'/19,0 м'/22,0 м'/25,00м'
Зеленило во ГП: 3699м²

РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци
Република Македонија

Факс : +389-43-410-910
Телефон : +389- 71-250-303, 70-394-384
Е-пошта : info@resursltdi.mk
Веб адреса : www.resursltdi.mk

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И ОБЈЕКТИТЕ

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци

Површина на проектен опфат по ГП од ДУП	Г.П.	поединечна класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	Површина на градежна парцела	поединечна површина на наменска употреба на земјиштето	поединечна застапеност во однос на вкупната површина на ГП	површина под градба /м2/	вкупно изградена површина /м2/	процент на изграденост	коефициент на искористеност
11584 m2	6.1.18	А2-Домување во згради	7.0м/10.0м/ 19.0м/22.0м/ 25.0м	П/П+1/ П+5/ П+6/П+7	11584 m2	6241 m2	53,9%	6241 m2	32000 m2	54%	2,76
		Сообраќајни површини во ГП	-			1364 m2	11,8%	-			
		Зеленило (партер)	-			2153 m2	18,6%	-			
		Атриум	-			1826 m2	15,8%	-			
Вкупно:					**11584 m2**	**11584 m2**	**100,0%**	**6241 m2**	**32000 m2**	**54%**	**2,76**

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ	
Согласно ДУП	
Површина на градежна парцела	11584 m2
Површина за градење	7000 m2
Бруто развиена површина	38000 m2
Процент на изграденост	60,43%
Коефициент на искористеност	3,28

Согласно УП	
Површина на градежна парцела по УП	11584 m2
Површина за градење	6241 m2
Бруто развиена површина	32000 m2
Процент на изграденост	54%
Коефициент на искористеност	2,76

ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРЦЕЛА	
Тип на зеленило	површина
Зеленило (партер)	2153 m2
Зеленило (кота +253.65мнв)	760 m2
Зеленило (кота +261.15мнв)	786 m2
Вкупно:	**3699 m2**
Потребно зеленило по ДУП 20% (2317м2) + 1000м2	3317 m2

5. Мерки за заштита

5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина (Сл. весник на Р.Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на Р.Македонија бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.151/21).
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.151/21);
- Закон за водите (Сл. весник на Р.Македонија бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Сл. весник на Р.С.Македонија бр.151/21).
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на Р.Македонија бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.Македонија бр.18/99) и Исправка на уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник на Р.Македонија бр.71/99);
- Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на Р.М. бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 31/20, односно Сл.Весник на Р.С.Македонија бр. 216/21 од денот на започнување на неговата примена);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 79/07, 124/10, 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 151/21);
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).
- Закон за земјоделското земјиште (Сл.весник на Р.Македонија бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/91 и 178/21).

- Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија со бр.225/20, 219/21 и 104/22).
- Закон за градење (Службен весник на Р.Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 244/19, 18/20 и 279/20) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина (Сл. весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

5.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;

- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Р.М. бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите

- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) се предвидуваат:

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување

се уредува со Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19) и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на Р.М. бр.94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Кавадарци. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

- Пешачките патеки во внатрешноста на опфатот се така концепирани и димензионирани да можат да обезбедат режимски сообраќај до предвидените и постојните градби во случај на пожар. Истите се димензионирани со доволна широчина на пристапот и соодветна конструкција, за да овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето.
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на

Р.С.Македонија бр. 215/21), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот Кавадарци е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

Мерки за заштита од пожар на објектите

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сообраќајница која овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до градбите.

Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, согласно Законот за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19).

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

При реализација на Урбанистичкиот план да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени MS3 потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите.

Густината на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, со помали висини градби и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При реализација на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13, 14, 34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21) и Законот за пожарникарството (Сл.весник на Р.Македонија бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 152/19).

5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Домовањето, мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата.

За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат сообраќајници со спуштени рабници, раскрсници со звучни семафорски уреди, со тактилни површини за слепите лица, како и звучни и виузуелни најави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи куче - водич во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај да се воведат адаптирани нископодни автобуси. Треба да се обрне посебно внимание за воведување на приспособени меѓуградски автобуски линии. Неопходна е достапност на јавниот превоз на сите линии, пристапност на возниот ред и на возилата и обезбедување на давање јасни и достапни информации на терминалите и во возилата.

Во периодот на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде промовирањето на „Универзалниот дизајн". „Универзалниот дизајн" означува оформување на производите, опкружувањето, програмите и услугите, на начин да може да ги користат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од приспособување или посебнооформување.

Посебна цел: Обезбедување на пристапност и достапност во сите сегменти на живеење.

Мерки:

- Да се воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со примената на начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин создавање на нови пречки;
- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;
- Да се воспостав и систем на помош при решавањето на станбеното прашање за лицата со инвалидност.

5.4 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 215/21).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да

превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и

2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Прилози кон текстуален дел

1. Полномошно од нарачателот
2. Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни услуги

Друштво за архитектонски дејности
АТТИКА АРХИТЕКТИ ДОО
Бр. 0302-02
03.02. 2023 год
Скопје

Друштво за архитектонски дејности АТТИКА АРХИТЕКТИ ДОО Скопје, со седиште на ул.Рајко Жинзифов бр.38/1-2 -Скопје, застапувано од Управителот Бојан Тасев, ополномоштен од Инвеститорот ИГМ ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци за водење на целокупната постапка пред органите на локалната самоуправа, дава

ПОЛНОМОШНО

на фирмата РЕСУРС ЛТДИ дооел со седиште на ул.Ило Костов 31, Кавадарци и лицето Даниел Лалков да во наше име ја води постапката за одобрување на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1.18 ОД ДУП ЗА УЕ 6, БЛОК 6.1, „МОНОПОЛ“, СО КЛАСА НА НАМЕНА А2-ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Именуваните лица се овластуваат да ги превземат сите потребни дејствија во текот на постапката за одобрување на Урбанистички проект се до негово правосилно завршување.

Нарачател:

За ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО Кавадарци
Преку полномошник
Друштво за архитектонски дејности АТТИКА АРХИТЕКТИ ДОО Скопје
со седиште на ул.Рајко Жинзифов бр.38/1-2 –Скопје
Управител: Бојан Тасев

_____

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
47203

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци

Датум на креирање

11.11.2022

Иницијатор

Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел

Надлежен орган

/

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
Јавно претпријатие за државни патишта	11.11.2022	18.11.2022		☑
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО	11.11.2022	11.11.2022		☑
Управа за заштита на културно наследство	11.11.2022	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	11.11.2022	/		☑
Министерство за Внатрешни работи	11.11.2022	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА	11.11.2022	/		☑
ЈП Комуналец, Кавадарци	11.11.2022	20.12.2022		☑
Водостопанство Тиквеш Кавадарци	11.11.2022	/		☑
ДЗС Кавадарци	11.11.2022	/		☑
Агенција за електронски комуникации	11.11.2022	17.11.2022		☑

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 1 - 10 од 16 ставки

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје	11.11.2022	/		☑
Македонски Телеком АД-Скопје	11.11.2022	18.11.2022		☑
Македонски енергетски ресурси	11.11.2022	/		☑
АД ГАМА	11.11.2022	22.11.2022		☑
МЕПСО АД Скопје	11.11.2022	/		☑
ЕВН_издавање_податоци_и_мислења_планови	11.11.2022	22.11.2022		☑

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 11 - 16 од 16 ставки

Општини

Додади општина | Пребарај

Општина	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
КАВАДАРЦИ	11.11.2022	/		☑

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **РЕСУРС ЛТДИ дооел Кавадарци**

бр. 12-8/1263

Скопје, 11.11.2022 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 226/22 од 11.11.2022 година
e-urbanizam, постапка бр. 47203

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување, Општина Кавадарци

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2022.11.11 15:21:53 +01'00'

Наш број: 1404-3250/2
Скопје: 17.11.2022г.

ДО: Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел
Кавадарци

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Сектор за телекомуникации
Изработил:
Хаки Селими 15.11.2022г.

Раководител на Сектор,
д-р Борис Арсов

Советник на Директорот,
Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
21, Kay Dimitar Vlahov"
1000 Skopje
tel.: ++389 2 32 89 200
fax: ++389 2 32 24 611
e-mail: contact@aec.mk



ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-576 од 22.11.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 226/22 од 11.11.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол", со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Martin Jankovski
Digitally signed by Martin Jankovski
Date: 2022.11.22 09:08:36 +01'00'



АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр 0308-2188/2
21-11-2022 год.
СКОПЈЕ

РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
Кавадарци

Предмет: Податоци и информации

Врска: Врска бр. 226/22 од 11.11.2022 год.

Во врска со Вашето барање податоци и информации за изработка Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци, Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат нема изведен и планиран гасовод.

Со почит,

Скопје, 21.11.2022 год.

ГА-МА АД Скопје

Одделение за Е-одобрение за градба

и Е-урбанизам

Раководител:

Галабинка Христовска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ

ГА-МА АД Скопје

Одделение за геодетски работи

и согласности

Раководител:

Сашко Петрески

јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
КАВАДАРЦИ

ЈП Комуналец Кавадарци
Индустриска бб, 1430 Кавадарци
тел: 043 410 351,043 414 531
факс:043 410 351
info@jpkomunalec.com.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 09-2275
20.12 2022 год.
КАВАДАРЦИ

Арх.број _____
Дата:_____

До
РЕСУРС ЛТДИ д.о.о.е.л.
Телефон : +389-78-240-218,
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци

ПРЕДМЕТ : Одговор на барање на податоци и информации

со број **226/22 од 11.11.2022г.**

Почитувани,

Согласно вашето барање за податоци и информации за **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци** доставено на системот е- урбанизам со број 226/22 од 11.11.2022г. , Ви доставуваме скица со вцртани подземни инсталации за кои имаме податоци на предметната локација кои ќе Ви бидат насока при изготвување на проектот.



јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
КАВАДАРЦИ

ЈП Комуналец Кавадарци
Индустриска бб, 1430 Кавадарци
тел: 043 410 351,043 414 531
факс:043 410 351
info@jpkomunalec.com.mk

Доколку во парцелата е потребна промена или дислокација/адаптација на постоечка инфраструктура, за потребите на нови објекти, Инвеститорот е должен да ја дислоцира и да ја оспособи да функционира непречено или да ги надомести трошоците за дислокација/адаптација на истата.

Податоците Ви ги праќаме во .dwg формат со **НАПОМЕНА** *дека се ориентациони податоци, а не официјални податоци измерени од терен.*

ЈП КОМУНАЛЕЦ Кавадарци
Сектор Водовод и Сектор Канализација

Дата:
20.12.2020 година

Изработил:

Павлинка Димова дги

Бр/Nr. 10-11570/2

18 -11- 2022

Скопје/Shkup_____година/viti

ДО РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ
ул. Ило Костов бр. 31
1430 Кавадарци

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 226/22 од 11.11.2022год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намен А2-Домување во згради, општина Кавадарци, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-11570/1 од 17.11.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога за предметниот плански опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

РЕСУРС ЛТДИ

ул. Ило Костов бр. 31

1430 Кавадарци

Бр.11-6371/1

21.11.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.226/22 од 11.11.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 11.11.2022 година со број на постапка 47203 (наш број 11-6371 од 18.11.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, Блок 6.1 "Монопол", со класа на намена А2-домување во згради во Општина Кавадарци, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2022.11.21 11:19:20 +01'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
РЕСУРС ЛТДИ дооел

Бр. 15-3262/2
15. 11. 2022 год.
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за инсталации, со ваш бр. 226/22 од 11.11.2022 година.

Согласно вашето Барање за инсталации, за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2606

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 47203
Дата: 18.11.2022

До
РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ
Ул. Ило Костов бр. 31, 1430 Кавадарци

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и мислења за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1.18 од ДУП за УЕ 6, блок 6.1, „Монопол“, со класа на намена А2-Домување во згради, Општина Кавадарци, Ве известуваме дека во во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2022.11.18 09:55:27 +01'00'


12079
12085
12086
12089
12090
12091
12092
12093
12094
12097
12100
12101
12102/2
12105
12106/2
12075/1
12075/2
12074
12076
12077
16490
12378
12379
12380
12381
12382
12383
12384/1
12385
12386
12387
12388
11711
16480
12078
11712
11713/2
11713/1
12073/2
12073/1
12072
16481

Графички дел

